# Транспарентност и отчетност на Јавните Претпријатија

# и влијание врз бизнис - секторот

# ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

**ИСТРАЖУВАЊЕ,**
**АНАЛИЗА**

**октомври, 2020 година**

**Анализа од спроведено истражување**: „Транспарентност и отчетност на јавните претпријатија и влијание врз бизнис секторот - источен плански регион“

Издавач: Здружение Иницијатива на Невработени Интелектуалци

За издавачот: Тодор Цонев

Координатор на проектот: Тодор Цонев

Асистент на проектот: Зоран Биковски

Истражување и анализа: Тодор Цонев, Зоран Биковски

Печати: ДПТУ „Студентски сервис“ ДОО Скопје

Тираж: 285 примероци (бесплатен/некомерцијален примерок)

Оваа публикација е изготвена со поддршка од Европската Унија преку проектот „Зајакнување на интегритетот и намалување на корупцијата во јавниот и приватниот бизнис сектор“ што го спроведуваат Центарот за граѓански комуникации, Здружението Конект и Здружението за даночни советници, а во рамки на проектот „Интегритет наспроти корупција“ спроведуван од Здружението „Иницијатива на невработени интелектуалци“ Виница. Содржината е единствена одговорност на Здружението „Иницијатива на невработени интелектуалци“ Виница и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# Содржина

Клучни наоди и препораки ........ 4

Методологија на истражувањето........ 7

Рангирање на претпријатијата според транспарентноста и отчетноста ........ 8

Транспарентност на претпријатијата во однос на организацијата на работењето .... 10

Транспарентност на претпријатијата за овозможување пристап до информации од јавен карактер ........ 12

Отчетност на претпријатијата во однос на резултатите од работењето........ 14

АНЕКС1: СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНКА НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ........ 17

АНЕКС 2: ЛИСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈА КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ОЦЕНКА И РАНГИРАЊЕ ........ 19

# Клучни наоди и препораки

- Просечното ниво на транспарентност и отчетност на 15 (петнаесет) јавни претпријатијата од Источно Планскиот Регион, односно исполнувањето на законските обврски и добрите стандарди изнесува само 20% од можни 100%. Додека пак просечното ниво на транспарентност и отчетност на 12-те претпријатија кои објавувале податоци на своите или веб страниците на нивниот основач, односно општините е 25% .

  *Потребно е во најкраток можен рок, јавните претпријатија да ги спроведуваат препораките за транспарентност и отчетност, и да ги објавуваат податоците за своето работење, од причина што истите не се формирани за вработените, тука за корисниците на услуги пред кои треба да бидат отчетни.*

- Ниту едно од 15-те јавни претпријатија од источниот плански регион, нема високо на транспарентност, освен ЈП Хидросистем „Злетовица“ од Пробиштип кое има солидно ниво на транспарентност со 75% исполнетност на параметрите.

  *Потребно е организирање серија состаноци со раководството на јавните претпријатија во организација на АДКОМ (Здружение на даватели на комунални услуги), индивидуални средби со раководителите на ЈП, и да се даде определен рок за подобрување на транспарентноста отчетноста и интегритетот на јавните претпријатија.*

- Разгледувајќи ги сите јавни претпријатија од источниот плански регион, само четири јавни претпријатија : КЈП „Водовод“ Кочани, ЈКП „Брегалница“ Делчево, ЈКП „Никола Карев“ и ЈП Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип , објавиле оперативни извештаи за работењето во 2019 година. Пет јавни претпријатија го имаат објавено финансискиот извештај за 2019 година, а само две јавни претпријатија ги имаат објавено сите четири квартални извештаи.
  Исполнети се услови за разрешување на 5 (пет) директори на јавни претпријатија поради необјавување извештаи од работењето. Ова е последица на непочитување на Законот за јавни претпријатија за не навремено објавување на тимесечните извештаи за финансиското

работење на претпријатието на веб страницата на јавното претпријатие или на општината. Ваква пракса имаат следните јавни претпријатија: ЈКП „Комуналец” Пехчево, ЈПКД „Брегалница“ Делчево, ЈКП „Солидарност“ Виница, ЈКП „Облешево“ Чешиново-Облешево и ЈП „Плачковица“ Карбинци. Овие јавни претпријатија немаат објавено ниту еден квартален и оперативен извештај за 2019-та година и исто така го немаат објавено годишниот финансиски извештај за 2019-та година, освен ЈПКД „Брегалница“ – Делчево, а нема објавено ниту еден квартален извештај.

*Оваа анализа треба да биде опомена за јавните претпријатија и надлежните треба да постапуваат доколку има неправилности. Потребно е да се даде разумен рок за подобрување на состојбата со отчетноста на јавните претпријатиј, и да се започне со реално инплементирање на донесените закони.*

- Гледано на ниво на одделни претпријатија, на врвот на ранг листата со највисоко ниво на исполнување на транспарентност, отчетност и интегритет со 75% е ЈП Хидросистем „Злетовица“ – Пробиштип. Дното на исполнување на обврските го делат: ЈКП „Солидарност“ – Виница, ЈП „Плачковица“ – Карбинци и ЈКП „Комуналец“ – Пехчево со 0% отчетност. Најголем број од претпријатијата се со оскудно и ниско ниво на транспарентност што само ги потврдува сомнежите за подложноста на влијанија од други заинтересирани страни и ниско ниво на антикорупција.

  *Потребно е да се зајакне капацитетот на јавните претпријатија и да се зголеми одговорноста во работењето. Јавните претпријатија се должни да бидат транспарентни и отчетни, а со тоа да ги отстранат сите сомнежи за можни коруптивни активности пред граѓаните и бизнис - секторот.*

- Само две претпријатија ги имаат објавено имињата на членовите на управниот и надзорниот одбор, но без објавување на нивните биографии. Тоа се: ЈПКР „Услуга” Берово и ЈП Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип. На нив се приклучува ЈП „ИСАР“ Штип кој ги има објавено само имињата на надзорниот одбор.

  *Во најкраток можен рок, јавните претпријатија да ги објават имињата на членовите на управните и надзорните одбори и нивните биографии на своите или веб страниците на општините. Со тоа ќе дојде до професионализација на овие одговорни тела, при што наша препорака е да има критериуми за избор. Она што исто така е важно*

*да се истакне е паричниот надоместок за ангажманот на членовите и одговорноста која ја носат при донесување на одлуките. Криењето на имињата, нивните биографии и надоместокот кој го земаат треба да престане. Јавните претпријатија треба да се гордеат со своите управни тела и јавно да ги истакнат.*

- Ниедно претпријатие не објавува информации за седниците на управниот одбор. Само ЈП Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип објавува податоци за надоместоците што им се плаќаат на членовите на управниот и надзорниот одбор на претпријатието.

  *Препорака е оваа пракса да прекине, корисниците на услугите мора да бидат информирани и согласно интересите да се вклучат и влијаат на одлуките. Дополнително, корисниците на услугите треба да знаат кому и колку плаќаат за членовите на управните и надзорните одбори.*

- Ниту едно претпријатие од источен плански регион не ја испочитувало обврската да објави Правилник за заштитено внатрешно пријавување, ниту пак да објави контакт податоци за овластено лице за заштитено внатрешно пријавување.

  *Потребно е веднаш како и во сите институции да се објави правилник за заштитено пријавување, да се посочи лице за внатрешно пријавување, што од своја страна е сериозна антикоруптивна алатка*.

- Обврската за задолжително објавување на плановите за јавни набавки не ја почитуваат дури 67% од претпријатијата. Наспроти нив, обврската за објавување на плановите за јавни набавки ја почитуваат: ЈП „ИСАР“ Штип, КЈП „Водовод“ Кочани, ЈПКД „Брегалница“ Делчево, ЈП Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип и КЈП „Водна Кула“ Зрновци. Останатите 10 претпријатија не ја почитуваат оваа обврска. Само две претпријатија, ЈП Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип и КЈП „Водна Кула“ Зрновци, објавуваат огласи и тендерски документации за јавни набавки. Две претпријатија, ЈП „Камена река“ Македонска Каменица и КЈП „Водна Кула“ Зрновци, објавуваат известувања за склучени договори за јавни набавки.

  *Транспарентноста и отчетноста можат да бидат само позитивна активност, затоа што на тој начин ќе привлечат многу повеќе економски понудувачи. Тоа пак, од своја страна ќе донесе пониски цени и поквалитетни услуги.*

- Ниту едно претпријатие на својата веб-страна нема објавено известувања за реализираните договори за јавни набавки, за да се види дали јавните претпријатија целосно и соодветно ги реализира договорите.

  *Ова е болно прашање за кое не сакаат да зборуваат јавните претпријатија. Токму заради институциите, препорачуваме да се објавуваат договорите и анексите на договорите доколку ги има, бидејќи токму преку анексите на договорите најчесто се надмудрува системот и се настапува нефер на пазарот.*

# Методологија на истражувањето

Прибирањето податоци за Јавните Претпријатија од источниот планскиот регион беше спроведено преку Деск истражување и користење на алатката „Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“. Деск истражувањето овозможи прибирање на податоци од веб страните на јавните претпријатија и нивните основачи - Советите на општините. Користена е матрица која содржи прашања од три области и тоа : а) Транспарентност во однос на работењето; б) Транспарентност во однос на организација на претпријатијата; и в) Отчетност во однос на резултатите од работењето. На овој начин ги рангиравме претпријатијата за нивнатата транспарентност, отчетност и интегритет. Вториот чекор беше поднесувања на барања од Слободен пристап до информации од јавен карактер до јавните претпријатија. Со тоа добивме дополнителни информации кои не се објавени од страна на јавните претпријатија, а се важни за примена на антикоруптивните мерки и се важни за функционирање на бизнисот. Третиот чекор е перцепцијата на граѓаните за квалитетот на јавните услуги, перцепцијата за политизацијата во органите на одлучување, професионалноста на изберените лица во телата на јавните претпријатија и опасноста од коруптивни дејности.

# Рангирање на претпријатијата според транспарентност, отчетност и интегритет

Оценката на транспарентноста, отчетноста и интегритетот на претпријатијата е извршена врз основа на проверка дали тие на својата веб-страница ги објавуваат информациите, документите и податоците кои се релевантни за нивното работење според триесет (30) стандарди за транспарентност, отчетност и интегритет. Потоа, е извршено бодување и рангирање на претпријатијата. Бодувањето на обајвените или необјавените информации за секое прашање се движи од 0 до 4 поени. Како предмет на истражување се најдоа 15 Јавни претпријатија од 11 општини од источен плански регион. Во прилог се резултатите од рангирањето:

| **Транспарентност, отчетност и интегритет на јавните претпријатија** | | **Број претпријатија** |
|---|---|---|
| Високо ниво на транспарентност | (80-100%) | 0 |
| Солидно ниво на транспарентност | (60 – 80%) | 1 |
| Ограничено ниво на транспарентност | (40 – 60%) | 1 |
| Минимално ниво на транспарентност | (20 – 40%) | 5 |
| Оскудно ниво на транспарентност | (1 – 20%) | 5 |
| Нема информации | | 3 |




Ниту едно од разгледуваните претпријатија не е со високо ниво на транспарентност. Само едно јавно претпријатие, ЈП Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип има солидно ниво на транспарентност, отчетност и интегротет. Со ограничено ниво на транспарентност е КЈП „Водовод“ Кочани. Пет јавни претпријатија ги оценивме со минимално ниво и тоа се : КЈП „Водна Кула“ Зрновци, ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип, ЈП „Камена Река“ М.Каменица, ЈПКР „Услуга“ Берово и ЈП „ИСАР“ Штип. На дното со оскудно ниво се вкупно пет јавни претпријатија, додека пак ЈКП „Комуналец“ Пехчево, ЈП „Плачковица“ Карбинци и ЈКП „Солидарност“ Виница не објавуваат податоци за нивното работење. Ова покажува сериозна затвореност на институциите и тоа дека многу поважен им е формалниот дел, а задолжителноста на објавување информации да се сведе на минимум, додека пак некои јавни претпријатија не покажуваат воопшто никаква обврска да ги задоволат љубопитните граѓани. Ова укажува на сериозни индиции за можни коруптивни активности на сметка на транспарентноста, отчетноста, интегритетот и конкурентноста.

# Транспарентност на претпријатијата во однос на организацијата на работењето

Оваа алатка е многу важна за да може реално претпријатијата да им се доближат на граѓаните и бизнис секторот. Претпријатијата се должни на своите веб страни да ги објавуваат прописите и надлежностите, статутот, програмата за работа и развој, оперативниот извештај за работење, органограмот на претпријатието, контакти на одговорните лица итн.

**Дали се објавуваат статистички податоци за работата, како и други информации, со кои се влијае на животот и работата на граѓаните и кои произлегуваат од надлежноста и работата на претпријатието?**




**Дали е објавен оперативен извештај за работењето во 2019 година?**




**Дали е објавена програмата за работа и развој?**



Согласно податоците од матрицата се гледа дека јавните претпријатија не се трудат транспарентно да го доближат своето работењето до корисниците на услуги и бизнис секторот. Само 2 од 15 претпријатија ја објавиле својата програма за работа. Со тоа на граѓаните и бизнис секторот им е оневозможен увид во работењето на претпријатијатието, а со тоа и да ги планираат своите бизнис активности. Ниската транспарентност доминира кај јавните претпријатија, практика која е присутна од осамостојувањето на државата и длабоко е вкоренета како принцип на функционирање. Воопшто не е познато како одлуките кои се носат во претпријатијата се доближуваат до корисниците на услуги и соработниците и како донесените одлуки можат да влијаат на истите.




Само 5 од 15 претпријатија или 33% го имаат објавено списокот со раководителите и директорот и нивните податоци. Ова е од практична потреба на локалното население бидејќи треба да знае кој е Директор на претпријатието, раководителите на секторите, и треба да има пристап до нивните телефонски броеви и е-маил адреси кои треба да се објавени на веб страниците на јавните претпријатија или на општината. На тој начин обичните граѓани би можеле директно да се пожалат за некоја услуга, но исто така и да предложат конкретно решение. Граѓаните и бизнис секторот имаат потреба од комуникација со раководните луѓе во делот на локалната и комуналната инфраструктурна мрежа и информирање за можноста за надминување на предизвиците. Проблемот е уште поголем за населението кое е поодалечено или живее во руралните средини при адресирање на своите проблеми.  Потребно е да се знаат и видно да се истакнат членовите на Управните одбори бидејќи тие ги носат сите важни одлуки, а исто така да се истакнат и членовите на Надзорните одбори кои се контролен механизам. Управните одбори носат одлуки за донесување на ценовниците за вода, комунален отпад, одлуки за ангажирање на сезонски работници, редовни вработувања, ја носат годишната програма на претпријатијата и се одговорни за претпријатијата да работат успешно и

професионално. Токму заради тоа е потребно да има соодветни критериуми за избор, ангажираните членови во управните и Надзорните одбори, да се професионалци кои можат да одговорат на потребите. Во спротивно возможно е да бидат дел на партиски/бизнис интереси кои ќе носат одлуки во интерес на одредени целни групи а не на месното население. Само ЈПКР „Услуга” Берово и ЈП Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип ги имаат објавено членовите на Управните одбори што е само 13%. Слична е состојбата со Надзорните одбори каде само 3 претпријатија или 20% од разгледуваните претпријатија ги имаат истакнато членовите, но без нивните биографии. Исто така не се објавуваат ниту записниците од седниците на управните одбори, износот за надомест на членовите на управните и надзорните одбори (објавена листа за месечен надомест за членовите од управниот и надзорниот одбор има само ЈП Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип). Ова укажува на исклучителна затвореност на претпријатијата. Секако дека не се работи за случајност бидејќи тука се носат одлуки за бројот на ангажирање на сезонски работници, одлуки за одобрени средства, репрезентации, набавка на опрема, се носат одлуки за јавни набавки и слично. Сето ова дава силна можност за партиско влијание и коруптивни активности. Од самата транспарентност на претпријатијата зависи дали услугите ќе бидат навремени, ефикасни, но и дефинирањето на цените за услугите. Не случајно е дека корисниците на услуги се жалат дека плаќаат прескапо, а за некои од набавките не гледаат никаква корист.

## Транспарентност на претпријатијата за овозможување пристап до информации од јавен карактер

Сите 15 јавни претпријатија се водат за иматели на информации од јавен карактер. Како иматели на информации од јавен карактер претпријатијата се должни да ги објават имињата на службените лица кои се задолжени да даваат информации од јавен карактер, како и да издаваат соопштенија за јавност, билтен или други облици на информирање. Согласно податоците од матрицата само 3 претпријатија имаат посебен оддел за пристап до информации. Од 15 претпријатија само ЈП Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип на својата веб страница дава објаснување како да се оствари правото на слободен пристап. Да погледнеме и некои други показатели за транспарентност на јавните претпријатија:




Само 2 претпријатија ги имаат објавено листите на информации од јавен карактер со кои располага претпријатието. Се разбира ЈП Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип како лидер во транспарентноста ги има објавено овие информации и на неа се приклучува КЈП „Водовод“ Кочани.




Податоци за службеното лице кое дава информации од јавен карактер имаат објавено 3 јавни претпријатија, а 6 јавни претпријатија објавуваат соопштенија за информирање на јавноста за нивното работење. Ова укажува на ниско ниво на транспарентност кај мнозинството јавни претпријатија без јасно истакнати правила. Дополнително ја тестиравме и алатката: слободен пристап до информации од јавен карактер. Претпријатијата во овој случај покажаа солидно ниво на одговорност, и 60% од јавните претпријатија навремено доставија одговори на поднесените барања за информации. Единствено, оправдано задоцнување на одговорите имавме само од ЈПКД „Брегалница“ Делчево, од каде не известија дека службеникот користи мерка за заштита од КОВИД 19 и е ослободен од работните задачи. Сепак добивме многу важни информации за функционирање на јавните претпријатија и услугите кои ги даваат, односно информации кои не се објавени на веб страните. Импресионира учеството на членовите во поголем дел од управните и надзорните одбори да биде без надоместок или пак истиот да е симболичен. Во поголем дел од овие одбори, како членови се јавуваат лица кои немаат доволно квалификации или соодветна биографија за предложените функции. Тогаш се поставува прашањето зошто

прифатиле да бидат членови на толку важни тела каде реално не можат суштински да придонесат. Не е позната ниту методологијата на избор, па објаснување е дека политичките партии предлагаат лица на Совет, од каде пак Советот ја изгласува и потврдува нивната функција во управните и надзорните одбори. Со ова уште еднаш се укажува на постоење силни индикации за можни коруптивни активности, компензациски услуги и партиски влијанија.
Ваквиот начин на функционирање на јавните претпријатија не е некој новитет и се смета за нормално функционирање на институциите. Постојат индиции за можни злоупотреби и коруптивни активности на сметка на граѓаните и бизнис заедницата, а се во интерес на група моќници. Токму заради тоа е потребно да се користи можноста за внатрешно заштитено пријавување на неправилности и лицата кои пријавуваат да бидат заштитени. Од проверка на веб страниците на јавните претпријатија каде треба да бидат поставени податоците на такво лице и правилник за укажувачи, се гледа дека во ниту едно претпријатие ниту има правилник ниту има овластено лице од таков прифил. Очигледно е, дека јавните претпријатија се грижат да ги задоволат само основните законски обврски, но не и да се транспарентни, и со тоа да ги отфрлат сите можни коруптивни влијанија.

## Отчетност на претпријатијата во однос на резултатите од работењето

Објавувањето на годишните извештаи на претпријатијата, кварталните извештаи и завршните сметки се законска обврска на јавните претпријатија. Согласно новиот закон за јавни претпријатија кој е во сила од април 2018 година, Директорите на јавните претпријатија се разрешуваат доколку не се објавени финансиските извештаи. Според член 24-а став 8 од Законот за јавните претпријатија, *„директорот на јавното претпријатие се разрешува пред истекот на мандатот во случаи: ако и по истекот на рокот определен во членот 5 став 3 и членот 7-а став 1 од овој закон не ги објави тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие на веб страницата на јавното претпријатие.“.*

Доказ дека директорите на јавните претпријатија многу не се оптоварени со законските решенија кои треба да обезбедат отчетност, е тоа што и понатаму само неколку претпријатија ги објавуваат извештаите. Така, оперативните извештаи ги објавиле само 4 претпријатија, а ревизорски извештај е објавен од страна на 2 претпријатија. Пет претпријатија го објавиле годишниот финансиски извештај за 2019-та година, додека квартални финансиски извештаи објавувале 8 претпријатија, од кои: две претпријатија ги имаат објавено сите четири

квартални извештаи, три претпријатија имаат објавено три квартални извештаи, две претпријатија имаат објавено два квартални извештаи, едно претпријатие има објавено еден квартален извештај и седум претпријатија немаат објавено ниту еден квартален финансиски извештај за 2019–та година.







Јавните набавки се особено подлежни на корупција. Од петнаесет (15) јавни претпријатија кои беа предмет на мониторинг, само пет (5) јавни претпријатија ги објавуваат годишните планови за јавни набавки навремено, повици и огласи за тендери за јавни набавки објавуваат само две претпријатија, исто така две претпријатија објавуваат известувања за склучени договори, додека ниту едно претпријатие нема објавено известување за реализиран договор. Се разбира доколку некоја интересна страна поднесе барање за информации од јавен карактер ќе ја добие информацијата, но целта е граѓаните да се поттикнат да учествуваат при носењето на одлуките, да има конкурентност во бизнис секторот, што ќе резултира со поквалитетни и поевтини услуги.

Податоците добиени од веб страницата на Бирото за јавни набавки, ни покажуваат дека тринаесет (13) од петнаесет (15) јавни претпријатија ги објавиле

плановите за јавни набавки за 2019 и 2020 година. Плановите за јавни набавки за 2019 година, јавните претпријатија во просек ги промениле пет (5) пати, а првопласирано е ЈКП „Услуга“ Берово со 11 промени на планот за јавни набавки за 2019 година. Плановите за јавни набавки за 2020 година до 30.09.2020 година во просек се променети три (3) пати, а најмногу промени на планот има КЈП „Водовод“ Кочани со осум (8) промени. Ова ни укажува дека планирањето на јавните набавки од страна на јавните претпријатија е несоодветно, и отвара можност за коруптивни активности. Честото менување на плановите за јавни набавки од своја страна има големо влијание на бизнис секторот кој нема доволно време за припрема и учество на тендерите распишани од јавните претпријатија. Во прилог се графиконите со приказ за отчетност на јавните претпријатија од источниот плански регион за најважните индикатори:









## АНЕКС1: СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНКА НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА НА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

### Транспарентност во однос на организацијата на работењето

1. Дали се објавени прописите со кои се регулираат надлежностите на претпријатието?
2. Дали се објавени информации за надлежностите на претпријатието?
3. Дали е објавен статутот на претпријатието?
4. Дали е објавена програма за работа и развој, едногодишна или повеќегодишна?
5. Дали се објавени стратегии, ставови, мислења, студии и др. слични документи од надлежноста на претпријатието?
6. Дали е објавена организациската структура (шема, органограм) на претпријатието?
7. Дали се објавени имињата на директорот и на вработените/раководителите со контакти, позиција, службен е-маил и службен телефон?
8. Дали е објавена биографијата на директорот на претпријатието?
9. Дали се објавени членовите на управниот одбор и нивните биографии?
10. Дали се објавени членовите на надзорниот одбор и нивните биографии?
11. Дали се објавуваат информации за седниците на управниот одбор?
12. Дали се објавени податоци за надоместоците што им се плаќаат на членовите на управниот и на надзорниот одбор на претпријатието?

### Транспарентност за овозможување пристап до информации од јавен карактер

13. Дали има посебен оддел за пристап до информации?
14. Дали е објаснет начинот за поднесување барање за пристап до информации?
15. Дали е објавено името на службеното лице за посредување со информации?
16. Дали се објавени основни податоци за контакт со имателот на информацијата и тоа: назив, адреса, телефонски број, е-маил адреса?
17. Дали е објавена листа на информации од јавен карактер со кои располага претпријатието?

18. Дали се издаваат соопштенија за јавност, информативен билтен или друг облик на информирање?
19. Во колкав временски рок претпријатието го доставило одговорот на барањето за пристап до информации од јавен карактер?
20. Дали има објавено Правилник за заштитено внатрешно пријавување?
21. Дали има објавено контакт од лице овластено за заштитено внатрешно пријавување?

**Отчетност на претпријатијата во однос на резултатите од работењето**

22. Дали е објавен оперативен извештај за работењето во 2019 година?
23. Дали се објавени финансиски извештаи за 2019 година?
24. Дали се објавени кварталните финансиски извештаи за 2019 година?
25. Дали е објавен извештај на независна ревизија за финансиските извештаи на претпријатието за 2019?
26. Дали е објавен годишен план за јавни набавки за 2020 година?
27. Дали се објавуваат огласи и тендерски документации за јавни набавки?
28. Дали се објавуваат известувања за склучен договор од јавни набавки?
29. Дали се објавуваат известувања за реализираните договори за јавни набавки?
30. Објавува податоци за финансиските и оперативни резултати за фирмите чиј основач е?

## АНЕКС 2: ЛИСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈА КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ОЦЕНКА И РАНГИРАЊЕ

1 ЈП „ИСАР“ Штип
2 КЈП „Водовод“ Кочани
3 ЈПКР „Услуга” Берово
4 ЈКП „Комуналец” Пехчево
5 ЈПУД „Равен“ Пехчево
6 ЈПКД „Брегалница“ Делчево
7 ЈПКР „Солидарност“ Виница
8 ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип
9 Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица“ Пробиштип
10 ЈП „Камена река“ Македонска Каменица
11 ЈПКД „Облешево“ Чешиново - Облешево
12 ЈПКД „Водна Кула“ Зрновци
13 ЈП „Плачковица“ Карбинци
14 ЈП „Стипион 2011“ Штип
15 ЈП „Штип Проект“ Штип